Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок наден од дневните настани 08.04.2023

На 07.04.2023, полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар, Единицата за недозволена трговија и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, со Наредба на Основен кривичен суд Скопје, извршиле претрес во домот на Е.Н.(20) од Скопје. Тој се сомничи дека извршил кривични дела „тешка кражба" во возила и при претресот биле пронајдени повеќе предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривични дела. Лицето било приведено во полициска станица и со него бил извршен службен разговор, а во координација со јавен обвинител против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава. Тој бил изведен пред судија на претходна постапка, кој му одредил мерка притвор.

На 07.04.2023 во 18.30 часот во тровски центар на подрачје на Гази Баба, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба лишиле од слобода две малолетни лица од Скопје. Тие се сомничат дека извршиле кражба во продавен објект во тровскиот центар, при што одделе повеќе предмети. Кај нив биле пронајдени одземените предмети и биле вратени на сопственикот. Лицата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.04.2023 во 17.45 часот на ул.„Маршал Тито" во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Г.С.(29) од Штип. Тој бил затекнат при извршување на кражба, при што од јавен простор одзел предмети сопственост на општина Штип. Одземените предмети биле вратени на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на изминатата вечер (08.04.2023) во периодот од 00.00 до 04.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за унифорирана полиција, во координација со инспектори од Државниот јазерен инспекторат и Управата за јавни приходи, спроведена е акциска контрола во угостителски објекти, ноќни клубови, дискотеки, казина и обложувалници на територијата на цела држава. При контролата, со која беа опфатени 37 угостителски објекти, како и осум обложувалници и казина, од страна на Државниот јазерен инспекторат и Управата за јавни приходи биле констатирани неправилности за кои ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 07.04.2023 во 09.25 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода О.П.(29) од Битола затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2023 во 20.10 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници од ЕВР Карпош ги лишиле од слобода В.Н.(23) и М.Г.(19), двајцата од Скопје, затоа што кај них била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2023 во 22.40 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници го лишиле од слобода М.В.(33) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2023 во 21.15 часот на локален пат во с.Камењане, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово – Полициско одделение Камењане го лишиле од слобода Д.И.(20) од с.Сминчане, тетовско: при прегледа во возилото „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Битола поднесе кривична пријава против К.Ч.(30) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без соседување на лиценца". На 21.02.2023 во Битола, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „фолксваген пасат", управувано од приграничниот, при што било констатирано дека врши јавен превоз без да поседува соодветна лиценца издадена од надлежен орган.

На 07.04.2023 во 22.40 часот на бул.„Партизански Одреди" во Скопје, полициски службеници го привеле С.С.(23) од Скопје затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.К.(54) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без соседување на лиценца". На 02.02.2023 на ул.„Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „фолксваген пасат", управувано од приграничот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без соодветна дозвола издадена од надлежен орган.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (07.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречене се вкупно 197 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 93 санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, шест санкции за непропишо пречистување на возила. Изречени се пет мерки за возење под дејство на алкохол, три санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Во текот на изминатата вечер (07/08.04.2023) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 29 возачи, при што кај возач во Прилеп при алкотестирање биле измерени 2.99 промили алкохол во крвта. Од нив 7 прекршоци на територијата на Битола, 17 во Прилеп, 2 во Ресен и Македонски Брод и 1 Крушево. За време на контролата биле санкционирани и 17 други видови прекршоци.

На 08.04.2023 во 00.20 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на ул.„Димитар Влахов" во Кочани се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „шевролет"со штипски регистарски ознаки, управувано од Т.С.(31) од с.Горни Подлог, кочанско и мотоцикл „априлија" со кочански регистарски ознаки, управувано од 16-годишник од Кочани. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатирани во Јавната здравствена установа Кочани. Увид на местото на несреќата извршила увидна екипа на СВР Кочани.

На 07.04.2023 во 16.50 часот во СВР тетово било пријавено дека на автопатот Скопје-Тетово, преде клучка Грутчин, патничко возило „фолксваген туран" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(46) од с.Сребица, кичевско, удрило во запрено патничко возило „пежо 208" со скопски регистарски ознаки, во кое бил возачот Ѕ.Ф.(52) од Струга и сопатникот Ѕ.Ф.(24) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот во возилото „пежо", Ѕ.Ф., додека двајцата возачи се здобиле со телесни повреди констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршиле екипа од СВР Тетово.

На 08.04.2023 во 01.10 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, И.Р.(37) од Скопје пријавила дека на ул.„Виетнамска" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 07.04.2023 во 21.24 часот во Полициската станица Аеродром, Г.Н.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Владимир Комаров" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 07.04.2023 во 16.50 часот во Полициската станица Карпош, Д.К.(48) од Скопје пријавил дека на ул.„Никола Парапунов" бил каснат од куче скитник.

На 07.04.2023 во 13.45 часот во Полициската станица Центар, Х.С.(45) од с.Паничари, општина Сарај, пријавил дека во круг на Комплексот клиники „Мајка Тереза" бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Ш.(25) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропски супстанци и прекурсори". На 15.03.2023 во Куманово, полициски службеници извршиле претрес во домот на приграничот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против С.Д.(39) од Виница поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропски супстанци и прекурсори". На 15.05.2022 во Винница, полициски службеници извршиле претрес во домот на приграничот, при што пронашле и одзеле амфетамин.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.М.(59) од село Мештилиа, битолско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или експлозивни материјали". Кај приграничот била пронајдена ловечка пушка „ТОЗ" калибар 16 без дозвола за поседување на огнено оружје.

На 08.04.2023 во 01.15 часот на ул.„Борис Сарафов" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ја лишиле од слобода Д.Т.(41) од Скопје затоа што околу 21.00 часот на 07.04.2023 физички ја нападнала М.М.Љ.(48) од Скопје и нејзиниот малолетен син и затоа што кај неа бил пронајден нож. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2023 во 16.10 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Свети Наум Охридски" било пријавено дека кај них со повреда била донесена М.Ц.(29) од Велес. Според пријавеното, таа се здобила со повредата при извршување работи во фирма во индустриската зона Бунарџик. За настанот бил известен трудов инспектор.

На 07.04.2023 во 18.51 часот во СВР Битола, од Клиничка болница Битола било пријавено кај них со повреди бил донесен Д.З.(55) од Битола. Според пријавеното, тој се здобил со повреди при извршување работни задачи во фабрика во Битола. Извршени биле увид и се работи на расчистување на случајот.

На 07.04.2023 во 16.50 часот во ОВР Кавадарци било пријавено дека на локалниот пат винарска вила Тиквеш кон кон манастир „Св Спас", Т.С.(40) од Кавадарци, додека извршувал земјоделски работи со трактор, тракторот се превртел. Притоа, тој се здобил со тешки телесни повреди констатирани во болницата во Кавадарци. Увид бил извршен и за настанот бил известен јавен обвинител.

На 07.04.2023 околу 18.00 часот во СВР Скопје пријавено е дека настанала физичка пресметка во близина на поликлиника Бит Пазар во Скопје, а непосредно потоа од Градската општа „Свети Наум Охридски" е пријавено дека за лекарски помош се пренесени А.Б.(20) со повреда на десна рака од оружје, како и А.Б.(23) со повреди од тврди предмети и 17-годишен малолетник со повреди од физички напад. Извршен е увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.04.2023 во 02.15 часот преку угостителски објект на бул.„Кузман Јосифовски Питу", полициски службеници го привеле А.П.(31), Х.Ш.(32), Д.Ј.(28) и И.Д.(28), сите од Скопје, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир и агресивно се однесувале кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.04.2023 во 19.10 часот на бул.„Србија" во Скопје, полициски службеници го привеле С.К.(41) од Скопје затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2023 во 11.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Драчево го привеле А.Н.(32) од Скопје затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија и кон негова соседка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.04.2023 во 04.35 часот, полициски службеници од СВР Куманово го привеле Д.Ђ.(19)од Куманово затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.04.2023 во 03.40 часот, полициски службеници од Полициското одделение Ранковце го лишиле од слобода А.И.(24) од село Петралица, кривопаланечко, затоа што во угостителски објект во општина Ранковце го нарушил јавниот ред и мир и се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2023 во 15.40 часот, полициски службеници од СВР Охрид го привеле Г.К.(61) од Охрид затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2023 во 23.00 часот, полициски службеници од СВР Охрид го привеле М.Д.(19) од Охрид затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2023 во 14.45 часот, полициски службеници од Полициското одделение Матејче го привеле Ф.Ш.(52) од с.Матејче , општина Липково, затоа што физички го нападнал С.Р.(36) од истото село. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2023 во 22.00 часот во СВР Тетово, В.С.(34) од Тетово пријавил дека околу 21.30 часот во спортска облоложувалница во Тетово бил физички нападнат од Н.К. од Тетово. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.04.2023 околу 03.00 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „8 Септември" било пријавено дека кај них со повреди бил донесен Р.Ѓ.(20) од Горно Нерези, скопско. Според пријавеното, околу 01.20 часот на ул.„Козле" тој бил физички нападнат од неколку лица, од кои двајца познавал, при што едно од лицата извадило пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.04.2023 во 19.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 05.04.2023 околу 08.45 часот во Собранието на Република Северна Македонија вработената С.Б. тајница полициска службеничка и ја поправувала во извршување на службените задачи како внатрешно обезбедување во Собранието. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.04.2023 во 22.20 часот во СВР Скопје, А.С.(57) од Скопје пријавила дека околу 16.00 часот на подрачје на Бит Пазар била физички нападната од соседот А.С.. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2023 околу 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Горче Петров" во Скопје, по претходно недорасветлено во сообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Е.(45) и А.С.(71), двајцата од с.Палатница, општина Желино, од една страна и две други лица од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.04.2023 во 10.20 часот на Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го привеле М.Ѕ.(39) од Словачка затоа што се однесувал агресивно и упорно закани кон А.Ѓ.(28) и М.Ѓ.(24) од Неготино и нивните две малолетни деца. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициското одделение Петровец за понатамошна постапка.

На 08.04.2023 во 00.43 часот во СВР Скопје, Ј.Ј.(20) од Скопје пријавил дека во близина на угостителски објект на бул.„Партизански Одреди" бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.04.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје, Ј.Т.М.(41) и А.С.(45), двете од Скопје, пријавиле дека околу 21.35 часот во Градскиот Парк нивните малолетни деца биле физички нападнати од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.04.2023 во 23.45 часот во СВР Скопје, С.Ш.(18) од Скопје пријавил дека во 18.00 часот на ул.„Петре Георгиев" бил физички нападнат од А.Б. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.04.2023 во 22.45 часот во СВР Скопје, Д.Б.(40) од Скопје пријавил дека бил физички нападнат од Д.В.(33) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.04.2023 во 03.50 часот во СВР Скопје, П.З.(20) од Скопје пријавил дека околу 03.00 часот во угостителски објект на бул.„Кузман Јосифовски Питу" поради нерасчистени односи, бил физички нападнат од Б.Б. од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2023 во 14.47 часот во СВР Охрид било пријавено дека во с.Лактиње, охридско, настанал пожар во куќа сопственост на С.С.. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Охрид,а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 07.04.2023 во 23.30 часот во Полициската станица Драчево, М.М.(44) од с.Драчевица, скопско, пријавила дека од домот се одалечила нејзината ќерка М.М.(14), која имала здравствени проблеми, а која и претходно се одалечувала. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 07.04.2023 во 22.40 во Полициското одделение Грутчин, С.Б.(45) од с.Цајрово, тетовско, пријавила дека од домот се одалечила нејзината ќерка А.Б.(23). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 07.04.2023 во 12.00 часот во СВР Битола, И.Н.(35) од Битола пријавил дека на Градскиот шеталиште бил каснат од куче скитник.

На 07.04.2023 во 10.30 часот во Полициската станица Струга, В.И.(70) од Струга пријавила дека на ул.„Партизанска" во Струга била каснат од куче скитник.

На 07.04.2023 во 18.10 часот во Полициската станица Кичево, Ф.М.(55) од Кичево пријавила дека на ул.„Партизански одреди" била каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димитар Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222,факс: (02)3112468,е-пошта: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Inet